РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09 - 1797/4
26 -07- 2021

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), ДКСК постапувајќи по пријава од познат подносител со наводи за постоење на судир на интереси на 50 - та седница одржана на ден 21.07.2021 година донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси со бр. 09-1797/1 од 06.05.2021 година доставена од познат подносител, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-1797/1 од 06.05.2021година.

Предметот со број 09-1797/1 од 06.05.2021година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-1797/1 од 06.05.2021 година е оформен врз основа на пријава од познат подносител против лицето -------, кој е избран за член на --------, со наводи дека истиот не го исполнува условот за избор на членови на оваа комисија, а тоа е: најмалку две години пред именувањето за член на ------- да не биде член на орган на управување или орган на надзор на друштво кое врши енергетска дејност, односно дејност поврзана со водни услуги.

Исто така во пријавата е наведено дека лицето е вработено како раководител во -------- ДООЕЛ, компанија која врши енергетска дејноста, а лиценца за истата дејност издава --------.

По разгледување на пријавата, ДКСК изврши увид во документацијата доставена и јавно објавена на страната на Собранието на РСМ за лицето ------- , по што утврди дека од Централниот регистар на РСМ е издадена Информација од 19.02.2021 година со бр. 0814-16/11 дека лицето -------- не е евидентирано како член на Управен и Надзорен одбор во ниту едно правно лице.

Имено, лицето -------- е вработено како раководител на ---------, односно во приватна компанија.

На седницата одржана на ден 21.07.2021 година, ДКСК констатира дека нема надлежност за натамошно постапување во конкретниот случај, бидејќи согласно ЗСКСИ лицето -------- не било службено лице додека не станало член на -------, а ограничувањата што се опфатени во член 47 од овој закон се однесуваат на вршење на дејност по престанок на функцијата на службените лица.

Исто така, во однос на постапката за избор на ова лице за член на --------, ДКСК констатира дека нема прекршување на условот за избор што се однесува тоа да, најмалку две години пред именувањето за член на ----------- да не биде член на орган на управување или орган на надзор на друштво кое врши енергетска дејност, односно дејност поврзана со водни услуги.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, Државната комисија нема елементи за свое надлежно постапување, па поради тоа одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК.
Изработил: К.З.., раководител
Одобрил: м-р Ш.С., член на ДКСК